# АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 16.12.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6493 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Трговско радиодифузно друштво РАДИО СЛОБОДНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 1 до 9 декември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 16 декември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 и став 2 од Изборниот законик**
  „(1) *Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма.*
  *(2) Радиодифузерите, без оглед на јазикот на кој го емитуваат својот програмски сервис, се должни за време на изборната кампања на учесниците во кампањата да им овозможат подеднакви услови за пристап до сите облици на изборно медиумско претставување - вести, посебни информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно - информативни програми, актуелно - информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми), бесплатно политичко претставување и платено политичко рекламирање.*"
- **Член 75 -а став 1 точка б и став 2 од Изборниот законик**
  „(1) *Радиодифузерите ќе обезбедат избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборно медиумско претставување на следниов начин:*
  *б) за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, во согласност со принципот на пропорционалност според бројот на потврдени листи на кандидати за пратеници;*
  *(2) При утврдувањето на избалансираноста во покривањето на изборите ќе се има предвид интензитетот на активностите во рамките на кампањите на учесниците во изборна кампања.*"
- **Член 75-б од Изборниот законик**
  „*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до*

*нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект."*

6. **Констатации од надзорот:**

***Дневно-информативни емисии***

Не беше достигнат минималниот аналитички примерок од 2 часа. Во периодот од 1 до 9 декември, евидентирани се вкупно – 1 час 17 минути и 5 секунди новинарски прилози за внатрешно-политички и за други актуелни општествени теми, емитувани во централните изданија на радио-дневникот од 16:30 часот, продуциран од Радио Слободна Македонија.

***Посебни информативни емисии***

*Интервјуа*

На 1 декември, од 11 часот во емисијата „Бројки", емитувано е интервју со Владимир Пешевски, најавен како - *„вицепремиер задолжен за економски прашања"*, иако гостинот зборува исклучиво од гледна точка на кандидат за пратеник од владејачката ВМРО ДПМНЕ што ги спротивставува предностите од економската програма на својата матична партија со оние од економската понуда на СДСМ. Темата на интервјуто, поставена, всушност како – презентација на економските аспекти од партиската програма насловена - „Реално", се разгранува низ предизборните ветувања на ВМРО ДПМНЕ, во следните области: планови за зголемување на економскиот раст и развој, намалување на невработеноста, гасификацијата, субвенциите за земјоделците, финансирањето истражувачки проекти.

На 2 декември, од 11 часот емисијата „Пулт" е реализирана како интервју со Владимир Голубовски – *„претседател на ВМРО ДП, пратеник во првиот парламентарен состав на Собранието, еден од основачите на ВМРО ДПМНЕ"*. Основна тема е (цитат): *„Заев и обидите за привлекување на албанскиот електорат, придобивање на нивниот глас со понудите за двојазичност, за промени на Уставот, како и за надминување, како што самиот рече во едно обраќање пред албанската дијаспора во Швајцарија, надминување на Охридскиот рамковен договор. Какво ќе биде влијанието на овие понуди на опозицијата и обидите за доближување кон албанскиот електорат?"*.

На 3 декември, од 11 часот во емисијата „Радио полиграф", реализирано е интервју со новинарот Цветин Чилиманов. Теми за интервјуто се (цитат): *„актуелната политичка состојба во земјата, предизборната кампања и претстојните вонредни Парламентарни избори, но и актуелната состојба во светот. Ќе излезе ли Македонија од двегодишната политичка криза? Каков ќе биде односот на силите во идната Влада? Како ќе помине остатокот на предизборните кампањи и самиот ден на гласање?"*

На 4 декември, од 12 часот, во емисијата „НЗС со Иван С. Мирчевски", направено е интервју со новинарот Васко Ефтов – негови анализи и прогнози за исходот од Предвремените парламентарни избори.

На 5 декември, од 11 часот во емисијата „Кворум", на тема (цитат): *„Има ли на политичката сцена место за партиите сателити што се одвоиле од големите политички партии или тие служат само како изговор за политичко постоење на нивните лидери?"*, гостува: Марјан Додовски, претставник на ВМРО ДПМНЕ, поранешен претседател на ВМРО НП. Ставот на гостинот - отворена предизборна агитација во прилог на ВМРО ДПМНЕ, може да се сумира во следниов цитат: *„Сметам дека граѓаните, оние кои мислат*

*да го дадат гласот за помалите политички партии, во овој момент не треба да се двоумат, ова не се локални избори, ова се парламентарни избори на кои се гласа за Република Македонија. Во овој момент ВМРО ДПМНЕ претставува единствената нитка на политичката сцена на Република Македонија која ги брани интересите на нашата татковина. И затоа сметам дека сите оние кои сакаат да ги поддржат помалите политички партии, пред сè во десниот блок, дека гласот јасно и прецизно да го дадат за ВМРО ДПМНЕ и за Коалицијата за подобра Македонија. Гласот за ВМРО ДПМНЕ значи гласот за Република Македонија, гласот за својата иднина, гласот за своите деца. Затоа што со тој глас, си ја гарантираат иднината и на својата држава и на своите поколенија. Значи не треба многу да се филозофира, доволно е само малку пошироко да се погледне политичката сцена и да се видат изјавите, кој-што-збори и какви пораки испраќа. Затоа сметам дека бесцелно ќе биде губење и трошење на одреден број на гласови кога многу нешта може да дадат некаква лична сатисфакција дека освоиле некој глас малите партии, меѓутоа целта е да се направи можеби поголема штета на ВМРО ДПМНЕ во овој момент, затоа што дел од тие партии и јасно и денес кога ќе можат да се видат, со нивните ставови, укажуваат на фактот дека нема место за нив на политичката сцена, на овие Парламентарни избори.*"

На 7 декември од 11 часот во емисијата „Круг", за изборни анализи и прогнози е поканет (цитат): „*политичкиот аналитичар и универзитетски професор, Тони Науновски*", чии ставови по таа тема на Радио Слободна Македонија веќе неколкупати се преповторени за време на стоте дена од продолжениот изборен циклус. Предвидувањата на проф. д-р Науновски се дека Коалицијата на ВМРО ДПМНЕ ќе освои гласови за 65-70 пратеници, а како главна причина – повторно, ја наведува програмата на СДСМ, за која вели дека е (цитат): „*тотално погубна прво за македонските национални и државни интереси, второ - конфузна и нелогична во однос на економијата, во однос на меѓународната позиција и меѓународната политика исто така, не нуди некакви решенија, освен виткањето на 'рбетот, тоа белким не го смета некој за добро решение*", односно, поради наводната тенденција на Заев, лидерот на опозицискиот СДСМ, за „*федерализацијата на Република Македонија*".

На 9 декември, од 11 часот во емисијата „Пулт" гостува (цитат): „*професорот по безбедност, Златко Кесковски*", а веќе со првото прашање на водителката, одново се воведува повеќемесечно повторуваната тема на Радио Слободна Македонија – СДСМ и неговите наводни заложби за федерализација на државата, но овојпат поставени од – „безбедносен аспект" (цитат): „*Во оваа изборна кампања, покрај за изборните платформи кои предвидуваат економски мерки и проекти, најгласно се дискутираше околу тоа дали СДСМ и нивниот лидер Зоран Заев во оваа изборна кампања тргуваа и со националните интереси, ветувајќи во повеќе наврати и во ТВ- интервјуа во земјава и на трибината во Швајцарија дека ќе го надмине Охридскиот рамковен договор, ќе се воведе двојазичност и ќе се редефинира Уставот по потреба. Колку се работи овде само за изборна реторика, како што дел од луѓето коментираат - партиите ветуваат на избори, меѓутоа веќе денот после избори тоа нема да се спроведе, ова не се сериозни најави, ова е само кампања -, колку е сето тоа така, или дали се овие најави кои што ги слушнавме во изборната кампања, сепак опасни?*"

*<u>Други информативни програми</u>*

Реториката на целото едночасовно издание од емисија „Радио Бурек", емитувано на 1 декември од 17 часот, е насочена кон дифамација – „атентат врз карактерот" на Зоран Заев, челникот на СДСМ, партијата предводник на опозициската коалиција, учесник на предвремените Парламентарни избори. Перфидните (алегориски) споредби на предизборната политика на опозицискиот СДСМ, и посебно на Заев како челник на партијата, со – абнормалност од редот на педофилија и ретардација, сугестиите на водителот за нужни физички казни како божемна дидактика, одат директно против етичките, професионални новинарски принципи од членот 61 (конкретно - алинеите 1, 2, 3 и 9) во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Изданијата на емисијата „За дипломатијата со Никовски“ од 2 и од 9 декември, во постојаниот програмски термин од 17 часот, претставуваат преповторени политиколошки анализи околу претпоставената „федерализација на Република Македонија“, што водителот и на оваа емисија од програмскиот концепт на РСМ му ја припишува како главна предизборна стратегија на опозицискиот СДСМ, односно на Зоран Заев.

На 6 декември од 17 часот, главната тема во емисијата „Поента“ е воведена преку следниов цитат: *„Оваа емисија ќе ја започнам со мантрата на неделата, но и мантрата на годината којашто од Љубљана ни ја испрати универзитетскиот професор Фрчковски за тоа како тој ја гледа пост-изборно Република Македонија“*. Всушност, и ова издание на „Поента“ е варијација на повеќемесечната тема – федерализација на Република Македонија, политичка идеја наводно заговарана од СДСМ и Зоран Заев.

На 7 декември од 17 часот, во емисијата „Радио шоу со Миленко Неделковски“, водителот посочува свои, персонални определби зошто ќе гласа за ВМРО ДПМНЕ, со тривијализација на политичката понуда на другите учесници во изборниот процес, искажана навредливо, преку ad hominem - ирелевантна аргументација за лидерите на (вон)парламентарната опозиција (цитат): *„Тргнувајќи го настрана албанскиот политички блок, каде што тие меѓу себе ќе се расправаат после овие избори кој ќе ја доживее судбината на ПДП, македонскиот политички блок има 3-4 непотребни, да ги кажам понуди, како што е на пример Левица, како што е оној јадник Величковски, од една страна, и од друга страна има џандарско, кодошко, местачка опција на Павле Трајанов таму со хармоникашот Кекеновски, и така натаму, и ја има онаа опција на избушени комплетно луѓе, бивши, значи, сенки едни, онака баш духови, на човекот со бугарски пасош Љубчо Георгиевски, на човекот што е фатен на снимка кај што тврди дека ја... после тоа околу името нешто малку ја сум многу популарен, Љубе Бошковски, и на така... забављач, би рекле, како што е Стојанче Ангелов, така си пука, си криши цигли со глава. И имаме две главни партии, каде што се гледа понудата. И сега, јасно дека ќе победи, јасно ќе победи дебело ВМРО на чело со Никола Груевски. Најјасно е дека најголемиот дел од народот ќе гласа за нив. Јас ќе гласам за нив, меѓутоа сметам дека гласањето на овие избори на 11-ти не е ни за Никола Поповски во кец, ни за Влатко, ни за Илија, ни за Никола Груевски, ни за таму кој е - Антонио, ни за ВМРО, ни за ВМРО ДПМНЕ, не е гласањето за нив, ја бар така не го разбирам гласањето на овие избори. Гласањето е, овој пат, за жал, и многу ми е тешко да признаам дека немам друг збор туку - еден е изборот. Не би требало човек да има еден избор. (...) Е, за жал, еден е изборот овојпат, и тоа е изборот дека човек мора да гласа за опцијата која ќе ја одржи оваа држава. (...) Ние гласаме за себе, ама онака баш јако гласаме затоа што гласање за било која друга бројка сем кец значи гласање за остварување на агендата направена пред 100 години, на Букурешкиот договор за расчеречување на оваа територија, уништување на оваа земја, народ, историја, религија“.*

***Сектор за програмски работи***